741.5:32(497.1)
82-7:32(497.1)

**Илина Јакимовска(Северна Македонија)**
**Институт за етнологија и антропологија**
**Природно-математички факултет**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје**
**Е-маил: jakimovskailina@gmail.com**

# СМЕА, А НЕ ВОЈНА: ХУМОРОТ, САТИРАТА И РАСПАЃАЊЕТО НА ЈУГОСЛАВИЈА[1]

*Айсшракш:* Текстот прави краток преглед на политичката критика преку медиумот на хуморот и сатирата во време на поранешна Југославија и за време на нејзиниот распад. Земени се предвид повеќе значајни списанија и индивидуални автори од повеќе поранешни југословенски републики, кои во тешки времиња за слободата на говорот покажале смелост и храброст со алатките што им стоеле на располагање да опишат, да критикуваат и да предупредат во однос на национализмите и залудноста на војните.

Нивните дела денес имаат уметничко, но и историско и антрополошко значење, бидејќи зборуваат, повеќе од официјалната и често цензурирана историја, за времето во кое настанале и околностите во кои гласовите на разумот биле потиснати.

*Клучни зборови:* поранешна Југославија, хумор, сатира, политички карикатури, Ферал трибјун, Остен.

На 7 јануари 2015 во 11:30 наутро, двајца напаѓачи насилно влегоа во канцелариите на францускиот сатиричен неделник Шарли ебдо во Париз. Вооружени со огнено и друго оружје, тие убија 12 луѓе и повредија уште 11. Напаѓачите се идентификуваа како членови на исламистичката терористичка група Ал Каеда, односно на нејзиниот огранок во Јемен, кој ја презеде одговорноста за нападот, мотивиран од контроверзните карикатурални претставувања на пророкот Мухамед во весникот.

На 11 јануари, неколку дена по масакрот, два милиона луѓе, вклучително и 40 светски лидери, се собраа во Париз на митинг за национално единство, а уште 4 милиони луѓе демонстрираа низ цела Франција. Je suis Charlie (Јас сум Шарли) стана глобален слоган за поддршка

1 Дел од содржината на овој текст беше претставен во рамките на пролетната школа „Етнографија на социјализмот“ одржана во Крива Паланка, во мај 2016 година.

на списанието, чие следно издание се продаде во 8 милиони примероци на шест јазици.

Во масакрот, на 80-годишна возраст, беше убиен и Жорж Волински, легенда на славната француска сатиричка традиција и еден од најпознатите карикатуристи и стрип-цртачи во Европа. Од бројните информации што произлегоа по трагичниот настан во Париз беше и онаа дека тој, заедно со неколкумина свои колеги од списанието, во 1994, среде т.н. Татковинска војна во Хрватска, бил на посета на свои колеги – сатиричари – во Сплит, давајќи им ја својата поддршка.

Станува збор за Ферал трибјун, чие прво издание излегло во 1983, како подлисток на весникот Недељна Далмација. Од 1993 тој станува посебен сатиричен неделник, декларирајќи се како „независно неделно списание за хрватски анархисти, протестирачи и еретици“. Името на списанието е асоцијација на познатиот весник Хералд трибјун (денес The New York Times International Edition), но и игра на зборови од „ферал“ – на далматински ‘ламба’, ‘фенер’, и feral – ‘диво’, ‘нескротено’ на англиски.

Списанието вообичаено вклучувало сатирична фотомонтажа на насловната страница, уреднички коментар, интервјуа, сатиричен дел наречен „Ферал тромблон“, рубрики за книги и музика, како и „Грејтест шитс“, збирка „бисери“ на хрватските политичари и други јавни личности. Основан од тројца млади новинари од Сплит, Виктор Иванчиќ, Предраг Луциќ и Борис Дежуловиќ, познати по акронимот од нивните презимиња, ВИВА ЛУДЕЖ (да живее лудилото), тие на себе веднаш привлекоа внимание од владејачките структури. Уште во 1985, Централниот комитет на Комунистичката партија на Хрватска издава мислење според кое два афоризми во списанието се „контрареволуционерни“: „Нашата револуција е родена во шумите, и затоа голем број дрвја имаат корист од неа“ и „Ова е крај на партијата, рече коцкарот и ги фрли картите на масата“. Контроверзноста на објавените сатирични и други текстови особено се зголемува по распадот на Југославија во 1990-тите. Ферал беше еден од првите хрватски весници што отворено коментираше во врска со теми што државно контролираните весници не се осмелуваа да ги покријат, вклучително за воените злосторства направени од хрватски војници, вклученоста на хрватската армија во војната во Босна, врската помеѓу власта и католичката црква, корумпираноста на политичарите итн. Значаен момент во историјата на списанието означи објавувањето на насловна страница со дигитално манипулирани слики на Туѓман и Милошевиќ како хомосексуални љубовници, како критика на политиките што доведоа до поделба на Босна и Херцеговина.


Feral Tribune
BRIJUNI: BERBA '93.
EDE SE NJEMU
O NAROD GLADUJE

Feral Tribune
Cijena 5000 HRD
JESMO LI SE
ZA TO BORILI?
detaljnije na stranicama 4-5

Feral Tribun
A SAD JE NA RED
NORMALIZACIJA
IVO KOMŠIĆ:
DAYTONSKI
DNEVNIK
SPLIT - POKORENI GR
PADAJ, SILO I NEPRAVD

Фотографија бр. 1: Три насловни страници на
изданија на Ферал трибјун

Сето ова резултира со силни притисоци, приватни тужби, присилна регрутација на Виктор Иванчиќ, наметнување т.н. „данок за порнографија“, експлозија на бомба во канцеларијата, неколку кражби, палење на броеви на Ферал среде бел ден во центарот на Сплит итн. Во еден момент сумата што требало да биде исплатена за сите тужби изнесувала скоро милион долари. Ова и довело до згаснување на Ферал во 2008, и покрај бројните апели за негова поддршка како дел од декларираната демократија во земјата, но и пошироко – како охрабрување на ваквите „коректори“ на власта во целиот свет. Потврда за ваквото влијание е тоа што во текот на своето постоење Ферал трибјун доби неколку значајни меѓународни награди за слобода на говор, меѓу кои за најдобриот политички сатиричен весник во светот во 1998, на Меѓународниот саем на политичка сатира во Форте деи Марми во Италија. Го носеше епитетот „хрватски Шарли ебдо“, но и француските колеги не го одбиваа спротивниот назив – „француски Ферал трибјун“.

Во 2014 излезе деталната монографија „Смеа на слободата: вовед во Ферал трибјун“ од авторот Борис Павелиќ, која ги документира создавањето и турбулентната историја на списанието.

Триото „Вива лудеж“ продолжи со својата новинарска бескомпромисност пишувајќи колумни за повеќе медиуми од поранешна Југославија, а Борис Дежуловиќ и Предраг Луциќ долги години патуваа низ неа одржувајќи свое сатирично кабаре со кое гостуваа и во Скопје. Текстовите објавувани во Ферал и денес за многумина се антологиски и за едно време, но се и лекција, особено за помладите новинари, за начинот на кој треба да се пристапува во политичката критика.

Ова е само еден од помаркантните и радикални примери за користење на сатирата и смеата како медиуми за политички коментар, осуда и протест во поранешна Југославија и во турбулентиот период на нејзиниот распад. За време на постоењето на таа, Титова Југославија, која денес одредени историчари и коментатори знаат да ја наречат „диктаторска“, во бившите југословенски републики функционирале повеќе сатирични весници отколку што ги има денес. Меѓу нив најпознати се српските Јеж и Чик, како и македонскиот Остен со легендарниот лик на Пецко на Дарко Марковиќ. Во тие времиња, како цртачи или автори на текстови со политичкосатирична содржина се јавувале Пјер Крижаниќ, Зуко Џумхур, Предраг Кораксиќ-Коракс (кој и денес црта за белградски Данас), Душан Петричиќ (белградска Политика), Сабахадин Хоџиќ и др. Овие карикатуристи немале проблем со портретирањето на тогашните политичари, вклучувајќи го и Тито и неговите блиски соработници. Слободата на изразување, и покрај партиската контрола, барем во сферата на сатирата изгледа како да била на високо ниво.

Како илустрација на развојот на сатиричната мисла во поранешна Југославија ќе се послужиме со македонскиот пример на Остен, чие излегување започнало при крајот на Втората светска војна, и тоа како прилог за сатира во билтенот на Првата македонска народна ослободителна ударна бригада под името „Сред поле ѕунѕуле“. Пионерите на Остен во овој период биле истакнати поединци од народноослободителната војна и од подоцнежниот политички живот на земјата, како Лазар Мојсов, Блаже Конески, Владо Малески, Киро Хаџивасилев и други, кои очигледно го сфатиле потенцијалот на хуморот во јакнење на моралот и ширењето на идеологијата на новата држава во повоениот период.

Од 1951 до 1966 Остен се развива како весник со рубрики за хумор, сатира и карикатура, но започнува да се појавува и на нов медиум – на Радио Скопје. Во тој период поддршка на весникот дава Здружението на новинарите на Македонија, а главен уредник е писателот Владо Малески, при што на оформување на весникот волонтерски учествувале плејада општествени и културни работници, меѓу кои Славко Јаневски, Панде Јаревски, Василие Поповиќ-Цицо, Цветан Станоевски, Дарко Марковиќ, Миле Попоски, Ацо Шопов и други.

Во својот развој до 1968 весникот оформува своја професионална редакција, и нејзин прв главен уредник е Дарко Марковиќ.

Редакцијата на Остен ја основа и организира Светската галерија на карикатури, манифестација што до денес се организира секоја година.

Формата, обемот, содржината и периодиката на излегувањето на Остен била променлива. Тој излегувал како месечник од 100 страници, но почесто излегувал како двонеделник на 1. и 15. во месецот. На 1 мај 1990 година Остен станал неделник, со динамика на појавување четири пати месечно. На страниците на Остен со свои дела се појавуваат скоро сите најзначајни имиња од областа на хуморот, сатирата и карикатурата во Македонија. Посебно за одбележување е тоа што како соработници се јавуваат голем број

автори. Скоро во секој број на Остен бројот на надворешните соработници се движи околу 40.

Во 2014, како резултат на подолготрајно истражување на политичката карикатура на територијата на поранешна Југославија е организирана изложба „Уметност во мрачни времиња". Станува збор за 101 новинарска карикатура на темата на југословенските конфликти, создадени од автори од различни делови на Југославија. За жал, претставник од Македонија на оваа изложба немаше. Покриени се предвоениот период (1990 – 1991), војните во Босна и Херцеговина и Хрватска (1992 – 1995) и конфликтот во Србија и Косово (1996 – 2001). Изложбата беше патувачка и поставена во Сараево, Загреб и Белград. Пораката што нејзините организатори сакаа да ја испратат беше спротивставување на националистичкиот милитаризам и политичката репресија.



Фотографија бр. 2 Југослав Влаховиќ, карикатура од белградски НИН, 1990
(извор: Балкан инсајт http://www.balkaninsight.com/en/article/belgrade-hosts-cartoons-from-dark-times/1463/6, пристапено на: 14.10.2018)




Фотографија бр. 3: Хасан Фазлиќ, Небелсплатер, Цирих, 1993
(извор: Балкан инсајт [http://www.balkaninsight.com/en/article/belgrade-hosts-cartoons-from-dark-times/1463/6](http://www.balkaninsight.com/en/article/belgrade-hosts-cartoons-from-dark-times/1463/6), пристапено на: 14.10.2018)

Застапените автори низ апсурден хумор се обидувале да предупредат на последиците на секоја војна, особено на онаа што најпрвин ѝ се закануваше, а потоа и ја уништила Југославија. Во 1990-тите сатирата во повеќето бивши југословенски републики била и единствениот начин да се критикува владејачкиот режим, и покрај сите проблеми со кои се соочувале авторите, меѓу другото со цензура, но и со различни форми на притисоци.

Во интервју на спомнатиот цртач на Шарли ебдо дадено пред смртта, Волински вели: „Според мене најдобрите сатиричари во историјата се секогаш левичари. Изгледа дека луцидноста на сатирата, на хуморот, не е компатибилен со ригидна доктрина и со фанатизам".

Токму во хуморот луѓето со илјадници години наоѓале начин да ги соопштат оние вистини што нивните современици, особено оние на позиции на моќ, не можеле или не сакале да ги слушнат. Хорхе де Бургос, монахот од романот „Името на розата" на Умберто Еко, одговорен за сокривањето, а потоа и за уништувањето на Аристотеловата втора „Поетика" што зборува за доблеста на смеењето, вака го образложува својот цензорски став во филмот снимен по романот: „Смеата го убива стравот, а без страв не може да има вера. Затоа што без страв од Ѓаволот нема веќе потреба од Бог".

На тоа доблесниот Вилијам од Баскервил одговара: „Но не можете да ја елиминирате смеата ако ја елиминирате книгата".

**Литература**

Дежуловиќ, Борис. 2013. „Во потрага по загубеното време“ (збирка колумни). Скопје: Табахон.

Pavelić, Boris. 2014. Smijeh slobode: uvod u Feral Tribune, (prvo izdanje). Zagreb: Adamić.

Официјална страница на Галеријата „Остен“ http://www.osten.mk/hronologija/ (пристапено на: 14.10.2018).